Ред. број: 25

Прилог бр. 3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Оклузија			
2.	Код	СЗТЗЗОК2			
3.	Студиска програма	Стручни забни техничари			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	4
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Анета Мијоска и наставници од Катедрата за стоматолошка протетика			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентите ќе се оспособат за правилно дијагностицирање на нормална оклузија како и абнормалностите на оклузијата, реконструкција на оклузијата со протетичките конструкции и воспоставување оклузално урамнотежување кај пациенти со мобилни и фикснопротетички реставрации			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава 1. Поглавје - Вовед и поим за оклузија и артикулација Протетички и ортодонтски концепти на оклузијата. Статичка и динамичка оклузија, индивидуална оклузија, центрична релација, артикулација (протрузивно, ретрузивно и латерални			

		движења) .....1 час Артикулација кај природна и вештачка дентиција, фактори кои ја одредуваат артикулацијата (водич на кондили, инцизален водич) ..... 1 час *Резултати од 1. поглавје: студентот ќе се запознае со основните принципи на оклузијата и артикулацијата кај природните и вештачките заби* 2. Поглавје – Анализа и дијагноза на оклузијата и артикулацијата Поим и анализа на оклузална функција, артикулациска анализа, гипсени студио модели, пантографска анализа ..... 1 час Оклузална кинезиологија – поим за движењето на долната вилица, гранични движења на долната вилица во сагитала, фронтална и хоризонтална рамнина, ротациони оски на кондилите ..... 1 час *Резултати од 2. поглавје: студентот ќе се запознае со основните концепти на оклузалната кинезиологија и анализата на интеркусписката позиција, предвремени контакти, гранични движења и ротациони оски* 3. Поглавје - Оклузалната морфологија на забите во зависност од дејството на вертикалните и хоризонталните сили Оклузални карактеристики на инцизивни заби (хоризонтален и вертикален преклоп, инцизален водач), оклузални карактеристики на трансканина регија, потпорни и тубери-водачи ..... 1 час Оклузија – триподизација – контакт тубер-гребен ..... 1 час *Резултати од 3. поглавје: студентот ќе се запознае со оклузалните карактеристики на забите во фронталната и трансканинска регија и со поимот триточкест конакт-триподизација* 4. Поглавје - Предуслови за добивање на оптимална оклузија Поим за оптимална оклузија, предуслови за добивање оптимална оклузија (пет критериуми за стабилност и отпорност) ..... 2 часа *Резултати од 4. поглавје: студентот ќе се запознае со основните критериуми за постигнување на оптимална инклузија кај пациентите, ќе научи кои се предусловите за изработка на оптимални фиксни и мобилни протетички конструкции* 5. Поглавје - Нарушување на оклузијата и функцијата на мастикаторниот систем и терапија Поим за пречка (развојна и функционална) и поим за неправилност на функциите на мастикаторниот систем .... 1 час Терапија на пречките и неправилностите во функцијата на мастикаторниот систем (изработка на загризна, покровна и вертикализациска шина) ..... 1 час *Резултати од 5. поглавје: студентот ќе научи како да ги препознава функционалните пореметувања на мастикаторниот систем и како се изработуваат мобилни привремени терапевтски средства во заботехничката лабараторија (нагризни шини)* 6. Поглавје – Артикулатори и трансфер на податоци со Лицев лак Поим за артикулатори, избор и трансфер на податоци,студио модели. Оклузални снимки на движењето на долната вилица

		(централна релација, интеркусписка релација, латерални и протрузивни снимки), динамичка снимка ..... 1час *Резултати од 6. поглавје: студентот ќе се запознае со артикулаторите и начинот на поставување на моделите, поимите оклузална снимка и динамичка снимка. Ќе ги совлада постапките за трансфер на податоците од пациентот на артикулатор* 7. Поглавје - Оклузија кај тотални протези Избор на дистални заби и оклузална контура кај тотални протези. Балансирана, небалансирана (монопланска) и лингвализирана оклузија, Закони на артикулација Ханау квинт, Theilmaṅ формула. Поим за оклузална шема, типови шеми (анатомски, полуанатомски и неанатомски заби). ..... 2 часа *Резултати од 7. поглавје: студентот ќе се запознае со оклузијата кај тоталните протези, оклузалните контури и шеми кај постканинските заби.* 8. Поглавје - Оклузално урамнотежување на имплантно – протетички реставрации Планирање и дизајн на оклузална шема кај супраструктури, карактеристики на имплантна оклузија, менаџмент на оклузални сили. Препораки за оклузални концепти кај супраструктури ..... 2 часа *Резултати од 8. поглавје: студентот ќе се запознае со оклузијата кај супраструктурите и принципите за избор на облик и големина на заби и оклузални концепти и шема.* ***Вкупно:..... 15 часа*** *Вежби:* *Лабораториските вежби кореспондираат со теоретските предавања.* ***Вкупно:..... 15 часа***		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзаност со Биомеханика на џвакален систем, Технологија на фиксни протези (мостови) и Технологија на мобилни протези (парцијална и тотална протеза)		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи (семинари), и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	15
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	10
		17.3.	Домашно учење - задачи	50
18	Услови за потпис	Присуство на 60% предавања и 80% вежби		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		30
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		10

	19.3.	Завршен испит: бодови			60
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода		5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода		6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода		7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода		8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода		9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Љубен Гугувчевски	Оклузија	Еин – Соф	1997
		2.	Весна Коруноска-Стевковска	Принципи на оклузија во стоматолошката протетика		2013
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Steven E. Eckert	Functional Occlusion *in* Restorative Dentistry *and* Prosthodontics	Elsevier, Mosby	2015
		2.	Peter E. Dawson	Functional Occlusion: From TMJ to Smile Design	Elsevier, Mosby	2007
		3.	Hamish Thomson	Occlusion	Elsevier	2016